СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

**СО 43. седница**
**13.3.2019 година**
**Точка на дневен ред бр. 1-1**

# МИСЛЕЊЕ
## на Надзорниот одбор кон Одлуката за именување членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, март, 2019 година**

**Мислење на Надзорниот одбор**
**кон Одлуката за именување членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола**

Во согласност со член 67 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола СО бр. 02-19026/1/II-2 од 3.10.2018 година (пречистен текст), Надзорниот одбор на Банката се состои од 7 (седум) члена, од кои два члена се независни.

Имено, решенијата на гувернерот на НБРМ за издавање претходна согласност за именување член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола за членовите г. Ненад Јосифовиќ, г. Панче Нефтенов, г. м-р Дејан Панделески, г-ѓа м-р Александра Радевска, г. Кирил Митровски и г. Коста Костадиновски се со важност до 30.5.2019 година.

Со цел пополнување на составот на Надзорниот одбор, како и подготовка и поднесување на целокупната документација за добивање претходна согласност за именување член на Надзорен одбор од гувернерот на НБРМ, потребно е именување 6 (шест) членови на Надзорниот одбор на Банката.

Во согласност со член 388-б, став 4 од Законот за трговските друштва, за точките за кои нема предлог-одлуки за донесување, по предложената точка потребно е овластен орган (Надзорен одбор на Банката) да даде мислење што ќе биде објавено на интернет-страницата на Банката.

Номинирањето на кандидатите го вршат акционерите на Банката со доставување писмен предлог за кандидатите за членови на Надзорниот одбор и податоци за возраста, образованието и другите професионални квалификации, работното искуство, во кои друштва биле или се членови на органи на управување, односно на надзор и други поважни функции што ги вршеле, бројот на акции што ги поседуваат во Банката и во други друштва и др.

Во согласност со член 390 од Законот за трговските друштва, предлог-одлуките треба да се достават во рок од 8 дена од денот на објавувањето на јавниот повик за одржување седница на Собрание, а во согласност со член 344 став 4 од Законот за трговските друштва, податоците за кандидатите за членови на Надзорниот одбор треба да им бидат достапни на акционерите најмалку 7 дена пред денот на одржувањето на Собранието на Банката на официјалната интернет-страница на Банката www.stbbt.com.mk.

Поради сето погоренаведено, се јавува потреба Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола да донесе Одлука за именување членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

НО бр. 02-2022/1/II.2-1-1
Битола, 30.1.2019 година

Стопанска банка а.д. Битола
Надзорен одбор
заменик-претседател
г. Панче Нефтенов